КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

бр. 04-727/1
14.9.2023

Врз основа на член 1 од Анекс договорот на договорот за деловно техничка соработка, склучен помеѓу Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија и Интернационален универзитет Еуропа Прима, бр.03-648/1 од 08.08.2023 година, според кој Универзитетот обезбедува целосна стипендија за школарина за еден вработен од НУ Кинотека на Република Северна Македонија или лице кое не е редовно вработен во Кинотеката на Северна Република Македонија, но е ангажирано на друг начин (преку договори за дело, работа на проекти) а кој активно учествува и придонесува во создавање услови за унапредување на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, и покажува исклучителни резултати во дејноста, согласно членовите 7, 9 и 10 од Правилникот за критериумите за учество на оглас за стекнување право на стручно усовршување, дообразување и специјализација, бр. 01-692/1 од 30.08.2023 година, се објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 01/2023**

**ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија објавува интерен оглас за 1 (едно) лице-кандидат за усовршување, дообразување и специјализација **за додипломски студии** на Интернационален универзитет Еуропа Прима за учебната 2023/2024 година.

**Критериуми кои треба да ги исполнува кандидатот за да се пријави на огласот се:**

- да е давател на услуги со завршено средно образование
- да е во редовен работен однос во Кинотеката најмалку 5 години или е ангажиран на друг начин (преку договори за дело, работа на проекти) а кој активно учествува и придонесува за создавање услови за унапредување на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра и покажува исклучителни резултати во дејноста.
- Да обавува работи на работното место за кое е потребно перманентно стручно и/или научно усовршување и дообразување, следење на тековните процеси во областа заради здобивање со специјални стручни и продлабочени знаења потребни за поуспешно и поквалитетно извршување на работните задачи.

Кандидатите за усовршување се пријавуваат на интерниот оглас преку пополнување на **пријава и приложување на докази за исполнување на критериумите.**

Кандидатите кон пријавата треба да приложат:

- Доказ за завршен степен на образование
- Доказ за работно искуство/Договори

**Јавниот оглас трае 10 дена од денот на неговото објавување на огласната табла.**

Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на Кинотеката заклучно со последниот ден до 15,00 часот, во затворен плик со назнака **„За интерен оглас за усовршување, дообразување и специјализација бр.01/2023" на адреса НУ Кинотека на Република Северна Македонија, ул.Никола Русински, бр.1, Скопје.**

Селекцијата на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за усовршување, дообразување и специјализација. Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Директор

Владимир Ангелов

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВА ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ДООБРАЗУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**

**1.** Податоци за огласот:

- Број на интерниот оглас ______________________

______________________

2. Лични податоци за кандидатот:

- Име ______________________
- Презиме ______________________
- Вработен во одделение (тековно работно место, ниво) ______________________

-Контакт телефон ______________________

______________________

**3.** Податоци за исполнување на посебните услови:

- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС: IV, VI, VII/1; VA 60-120, VIA 240, VIБ 180 ЕКТС ______________________

Вид на образование

- Образование и институција ______________________
- Насока ______________________

______________________

- Податоци за работно искуство – години, месеци ______________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образецот за пријавата за усовршување, дообразување и специјализација се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази.
Кандидатот кој внел лежни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

Подносител на пријавата

______________________